# Потпишување на договор за услуги на домашна нега

PICAC NT
Partners in Culturally Appropriate Care




**Пакетот услуги на домашна нега (Home Care Package) може да обезбеди да добивате услуги и поддршка што ви се потребни.**

Пред да потпишете договор со давател на услуги за давање услуги на домашна нега, важно е да ги знаете вашите права и обврски.

**Вие треба:**

1. Да ги разбирате вашите права[1].
2. Да знаете дека вашиот давател на услуги ќе ги почитува вашите права.
3. Ако имате кој било проблем, разговарајте со вашиот давател.
4. Вие имате обврски кон давателот на домашна нега што сте го одбрале.
5. Покажете почитување и разбирање.
6. Обезбедете сигурен простор за давателите и нивниот персонал, за да ви помогнат.
7. Бидете спремни на промени во вашиот пакет на домашна нега ако се промени вашето здравје.
8. Плаќајте ги цените на вашиот пакет на домашна нега како што е договорено со вашиот давател.

[1]Home Care Packages Program Manual for Care Recipients, (Прирачник за корисниците на нега од Програмата за пакети на домашна нега) верзија 1.4, јануари 2023

COTA NORTHERN TERRITORY
for senior Territorians

(08) 8941 1004
www.cotant.org.au/picac/contact-picac-nt

PICAC NT
Partners in Culturally Appropriate Care

# Потпишување на договор за услуги на домашна нега

## Пред потпишете договор

**Вие имате права *пред* да се потпише кој било договор. Вие треба јасно да го разбирате договорот што го потпишувате.**

### Работи што треба да се проверат

| | | Да | Не |
|---|---|---|---|
| 1. | Дали добивте копија на договорот, леток и брошура за дадената услуга напишани на едноставен англиски без жаргон? | ☐ | ☐ |
| 2. | Дали добивте копии на македонски јазик на сите документи дадени од вашиот давател на услуги? | ☐ | ☐ |
| 3. | Дали добивте копија на договорот (и на англиски и на македонски) најмалку *една* недела пред терминот за потпишување? * | ☐ | ☐ |
| 4. | Дали договорот содржи јасен список на услугите од давателот на услуги, што ќе бидат дадени кога ќе потпишете? | ☐ | ☐ |
| 5. | Дали во договорот има список на сите *потенцијални* услуги што би можеле да бидат понудени од давателот на услуги врз основа на вашата процена за домашна нега (дури и ако сега не сте заинтересирани за нив)? | ☐ | ☐ |
| 6. | Дали сте размислиле за вашиот претпочитан начин на плаќање на трошоците (на пример, директно плаќање од сметка (direct debit), задржувања од страна на Centrelink или месечни уплати)? | ☐ | ☐ |
| 7. | Дали ви бил понуден професионален преведувач, исклучувајќи ги членовите на семејството, заради преведување во текот на разговорите со давателот на услуги?* | ☐ | ☐ |
| 8. | Дали сте имале време да го проучите договорот заедно со давателот на услуги и да добиете одговори на сите ваши прашања? | ☐ | ☐ |
| 9. | Дали сте добиле примерок на Повелбата за правата во негата на стари лица на македонски јазик, освен на англиски? | ☐ | ☐ |

**Ако сте одговориле „не“ на кое било од овие прашања, вие имате право да побарате повеќе информации од вашиот давател на услуги.**

* Услуги на професионално писмено и усно преведување се **бесплатни** за вас и за давателот на услуги.

*Оваа публикација ја подготви COTA NT, со поддршка на финансиски придонеси од Министерството за здравје и нега на стари лица. За верзија што може да се менува, ве молиме контактирајте со менаџерот на PICAC.*

COTA NORTHERN TERRITORY
*for senior Territorians*

(08) 8941 1004
www.cotant.org.au/picac/contact-picac-nt